Влада на Република Северна Македонија

# З А П И С Н И К
од Деведесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јули 2021 година

Скопје, јули 2021 година

**З А П И С Н И К**
**од Деведесеттата (тематска) седница на Владата на Република Северна Македонија, одржана на 27 јули 2021 година**

Седницата започна во 12:55 часот.

На седницата претседаваше претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев.

На седницата присуствуваа д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, Љупчо Николовски, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за борба против корупцијата и криминалот, одржлив развој и човечки ресурси, м-р Никола Димитров заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, м-р Бојан Маричиќ, министер за правда, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Арјанит Хоџа, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, доц. д-р Венко Филипче, министер за здравство, д-р Јагода Шахпаска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, д-р Ирена Стефоска, министер за култура, д-р Јетон Шаќири, министер за информатичко општество и администрација, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање, како и генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Мухамед Зеќири и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата присуствуваа и д-р Арафат Шабани, заменик на министерот за образование и наука и Беким Реџепи, заменик на министерот за транспорт и врски.

На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Муамет Хоџа и Душко Арсовски, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа Мила Царовска, министер за образование и наука и Благој Бочварски, министер за транспорт и врски.

*

*        *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Информацијата за одбележување на дваесетгодишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор

2. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за одбележување на дваесетгодишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци и констатации:

1. Владата констатира дека нормативниот дел на Охридскиот рамковен договор е усвоен од страна на институциите на Северна Македонија и спроведувањето на законските одредби е постојан секојдневен процес којшто се одвива непречено.

2. Владата смета дека Охридскиот рамковен договор придонесе кон зголемување на кохезивно општество, еднакво и едно општество за сите граѓани и заедници како и за интеграцијата на Република Северна Македонија во НАТО и ЕУ.

3. Владата ја разгледа и усвои Програмата за одбележување на манифестацијата за 20-годишнината од потпишувањето на Охридскиот рамковен договор.

Исто така, во своето обраќање на седницата претседателот на Владата на Република Северна Македонија, Зоран Заев потенцираше дека оваа значајна годишнина оваа година се совпаѓа и со 30-годишнината од независноста на нашата земја, со 80-годишнината од народното востание и 20-годишнината од потпишувањето на Договорот за стабилизација и асоцијација како наш прв чекор во остварувањето на нашата заедничка цел за членство во Европската Унија.

Истакна дека еден од првите приоритети на листата на новоформираната Влада во 2017 година беше заокружувањето на нормативниот дел којшто произлегуваше од

Охридскиот рамковен договор и од Амандманот 5 од Уставот на Република Северна Македонија.

Тогашната Влада, во која министри беа и поголем дел од овој, актуелен состав на извршната власт, ја исполни обврската која непотребно се одолговлекуваше од сите претходни влади и го донесе Законот за употребата на јазиците. Со Законот за употреба на јазиците, како и со сите останати законски измени и подзаконски акти за правична застапеност, се заокружија одредбите од Охридскиот рамковен договор, кој беше потпишан на 13 август 2001 година, со кој се стави крај на конфликтот и кој беше прифатен како гаранција дека сите прашања од интерес на заедниците во нашата земја ќе се решаваат низ дијалог и низ институциите.

Исто така, нагласи дека Охридскиот рамковен договор стави крај на конфликт кој со себе понесе и жртви, и кој спречи нашата заедничка татковина да стане место на продолжен конфликт и на општество без надеж за мирен живот.

Во моменти кога соживотот и меѓуетничката толеранција беа ставени на најголемиот тест, покажавме дека ние проблемите ќе ги решаваме низ институционалниот систем и никако поинаку. Покажавме дека сакаме да живееме сложно и обединето, да напредуваме сите заедно. И сето тоа беше постигнато во тесно партнерство со Европската Унија, Соединетите Американски Држави, НАТО и ОБСЕ. Денес тоа е и нивна успешна историја што заеднички ја одбележуваме, истакна претседателот на Владата.

Со Охридскиот рамковен договор, нашата држава е постабилна и побезбедна, со загарантирана меѓуетничка толеранција и посилна социјална кохезија. Заедно се развиваме како држава во која шансите за благосостојба се еднакви за сите, како членка на НАТО и идна членка на Европската Унија. Се определивме за политики што ја градат Република Северна Македонија како граѓанска држава на сите кои живеат во неа: Македонци, Албанци, Турци, Срби, Власи, Роми, Бошњаци и сите други заедници. Прифативме дека Македонците, како мнозински народ во нашата земја, имаат одговорност да креираат политики и атмосфера за негување, заштита и унапредување, афирмација и поддршка на употребата на сите останати јазици на припадниците на граѓаните кои живеат во нашата земја, истакна претседателот на Владата.

Нашата определба да градиме и негуваме општество еднакво за сите, нашата цел да изградиме граѓанско општество, истовремено со почит кон социјалните, етничките, националните, верските и културните разлики - е посебноста и суштината на нашето заедништво.

Тоа заедништво што се градеше со векови, за нас претставува обврска за нашата заедничка иднина, истакна претседателот на Владата.

Првиот заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Артан Груби во своето обраќање истакна дека одбележуваме годишнина на еден значаен документ којшто донесе мир, го промени уставот и општеството и ни ги отвори евроатлантските перспективи.

Исто така, ги информираше членовите на Владата дека, во организацијата на Владата со оваа свечена седница започнуваат низата настани со кои ќе се одбележува 20-годишнината од Охридскиот рамковен договор под слоганот „По Охрид".

По серијата активности во повеќе градови во кои ќе бидат вклучени повеќе институции, централниот настан ќе се одржи на 13 август 2021 година, на денот кога беше потпишан Охридскиот рамковен договор.

На тој настан, организиран во соработка со Универзитетот Колумбија од Њујорк е потврдено учеството на државниот врв, но и на пријателите од меѓународната заедница и на протагонистите кои учествуваа во процесот на постигнување на Охридскиот рамковен договор како што се Питер Фејт, Дејвид Слин, Роберт Сери, Бренда Пирсон, Пол Вилиамс, Дејвид Филипс и други.

Првиот заменик на претседателот на Владата и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, м-р Артан Груби истакна дека во соработка со консултантите ангажирани од Европската Унија, коишто работат на реорганизацијата на државната управа, подготвен е модерен Предлог на закон за работата на Министерството за политички систем и односи меѓу заедниците кое ќе биде надградено во мало, ефективно министерство коешто ќе се грижи за правата на сите заедници, не само етнички, туку и на сите други.

**Точка 2**

По оваа точка немаше прашања ниту предлози.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во 13:30 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА | ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **Мухамед Зеќири** | **Зоран Заев** |